Република Македонија
Влада на Република Македонија
Генерален секретаријат
Одделение за соработка со невладини организации

# И З В Е Ш Т А Ј
# ЗА СПРОВЕДЕНИТЕ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ ОД СТРАТЕГИЈАТА НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА СОРАБОТКА СО И РАЗВОЈ НА ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР (2018 – 2020), ВО 2018 ГОДИНА

Скопје, февруари 2019 година

## 1. Вовед

Развојот на граѓанскиот сектор во општеството е од исклучителна важност за демократските вредности на земјата и поттикнување на граѓанската свест. Владата на Република Македонија воспостави континуиран, транспарентен и целосно инклузивен дијалог со граѓанскиот сектор, третирајќи го како рамноправен партнер и коректор на нејзините одлуки, кој активно партиципира во градењето на политиките.

Стратегијата на Владата на Република Македонија за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, со Акциски план 2018-2020 усвоена е на 9.10.2018 година и разработува рамка за понатамошно унапредување на соработката и поттикнување на развојот на граѓанскиот сектор, како коректив на политиките, сервис на граѓаните и канал за солидарност, партнер на државата и бизнисот и двигател на ЕУ интеграцијата.

Мерките во овој стратешки документ се систематизирани во три области: Нормативна, институционална и финансиска рамка за развој на граѓанскиот сектор; Демократизација, активно учество на граѓанскиот сектор во општествените процеси, во креирањето и следењето на политиките, со посебен фокус на процесот на интеграција во Европската Унија и Граѓанскиот сектор како чинител во социјално-економскиот развој.

Генералниот секретаријат на Владата – Одделение за соработка со невладини организации и Мрежата на државни службеници за соработка со граѓанскиот сектор ја имаат примарната улога во координирањето на спроведувањето на Стратегијата и во подготовка на извештаи до Владата за преземените активности и постигнатите цели во спроведувањето на Стратегијата. Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, како советодавно тело на Владата, го следи спроведувањето на Стратегијата и Акцискиот план и дава мислење на годишно ниво за нивна реализација. Министерствата и другите органи на државната управа активностите предвидени во Акцискиот план на оваа Стратегија ги планираат во нивните стратешки планови и годишниот план за работа и се грижат за обезбедување на финансиски средства потребни за нивно спроведување. Граѓанските организации се вклучени како партнери на Владата и органите на државната управа во спроведувањето на конкретни мерки/активности и во континуираното следење на спроведувањето на Стратегијата.

Граѓанските организации се информираа за целите на Стратегијата на Владата на Република Македонија за соработка со и развој на граѓанскиот сектор 2018-2020 и спроведените мерки и активности во 2018 година на дебатата „Стратегијата креатор на овозможувачко опкружување за граѓанските организации", организирана на 24.1.2019 година, во рамки на Граѓанскиот ресурсен центар, а во соработка со Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата.

## 2. Преглед на реализираните мерки и активности по приоритетни области

### 2.1. Нормативна, институционална и финансиска рамка за развој на граѓанскиот сектор

Цели на приоритетната област: Унапредување на правната рамка за граѓанските организации; Воспоставување даночна рамка којашто одговара на спецификите на работењето на граѓанските организации и го овозможува нивниот развој; Унапредување на системот на државно финансирање на граѓанските организации; и Подобрување на институционалната рамка и практиките на соработка помеѓу Владата, органите на државната управа и граѓанските организации.

Во првата приоритетна област содржани се 14 мерки и 47 активности, од кои 7 мерки и 18 активности планирано е да се реализираат во 2018 година, а од нив за 8 активности предвидено е да продолжат да се спроведуваат и во 2019-2020 година. Во 2018 година 10 активности се реализирани, 6 активности се во тек, а 2 активности ќе започнат со реализација во првиот квартал од 2019 година (1.2 и 1.3). Истовремено, реализирани се 3 активности планирани за првиот квартал од 2019 година.

Врз основа на анализа и спроведени консултации и јавни дебати од страна на Министерството за финансии за избор на најпогоден модел за даночниот третман на граѓанските организации, во декември 2018 година донесен е Законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на добивка („Службен весник на РМ“ бр.248/18), со кој во член 4-а се регулира даночниот третман на организациите регистрирани согласно Законот за здруженија и фондации, како обврзници за пресметување и плаќање на данокот на вкупен приход за приходите од вршење на стопанска дејност. Во тек е изработка на подзаконските акти со кои ќе се овозможи граѓанските организации да известуваат за износите на вкупните приходи од непрофитна дејност, како и за вкупните приходи од стопанските дејности остварени во текот на деловната година.

Во насока на препознавање на спецификите на граѓанските организации како работодавач во правната регулатива, оперативните програми и социјалниот дијалог, во 2018 година се овозможи граѓанските организации да користат дел од мерките за вработување кои се дел од оперативните планови за програми и мерки за вработување. Исто така, со Предлогот на Закон за практиканство, утврден од страна на Владата на 11.12.2018 година, се овозможува граѓанските организации да ангажираат практиканти.

Воспоставен е независен, репрезентативен, оперативен и ефективен Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, како советодавно тело на Владата за унапредување на соработката, дијалогот и поттикнување на развојот на граѓанскиот сектор. Конститутивната седница на Советот се одржана 16.4.2018 година, а до крајот на 2018 година се одржаа 8 седници. Советот донесе Деловник за својата работа и воспостави своја веб-страница, како посебен дел на веб-страницата на Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија www.nvosoraboka.gov.mk. Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата, во рамките на

твининг проектот „Понатамошно институционализирање на структурирани механизми за соработка помеѓу Владата и граѓанскиот сектор“ финансиран од Европската Унија и спроведуван од Канцеларијата за соработка со НВО на Владата на Република Хрватска, во јуни 2018 година организираше две работилници за членовите на Советот, за оперативно планирање и за ефективна комуникација. Подготвени се планови за комуникација за областа економски и одржлив развој и заштита на маргинализираните лица, а формирана е работна група за изработка на План за комуникација на Советот. На 5.7.2018 година се одржа тркалезна маса на тема „Понатамошно институционализирање на структурирани механизми за соработка помеѓу Владата и граѓанскиот сектор“, за презентација на клучните мерки од Стратегијата на Владата на Република Македонија за соработка со и развој на граѓанскиот сектор и улогата на Советот во спроведувањето и следењето на овој стратешки документ.

Во согласност со определбата на Владата на Република Македонија за партнерство со граѓанското општество во процесот на креирање и спроведување на политики, Владата воведе „Отворени денови за иницијативи на граѓанските организации“. Во 2018 година се одржаа три од серијата отворени денови на тема: Практики на соработка помеѓу Владата и граѓанските организации – како да се подобриме? (8.6.2018 година), Борба против корупција (6.7.2018 година) и Националната стратегија за развој на концептот за едно општество и интеркултурализам во Република Македонија (24.12.2018), на кои учествуваа 258 претставници на граѓански организации, доставени се 25 иницијативи што се проследени на одговор до ресорните министерства и се објавени на веб-страницата на Одделението за соработка со невладини организации www.nvosorabotka.gov.mk.

Зајакнати се капацитетите на членовите на Мрежата на државни службеници за соработка со граѓанскиот сектор, преку дводневна работилница за следење на спроведување на Стратегијата (16-17.5.2018) и координативни состаноци со Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат (1 и 20.11.2018 година).

Со цел промовирање и поттикнување на добри практики за соработка со граѓанските организации на локално ниво, во септември 2018 година организирани се средби на Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат со граѓански организации и претставници на локалната администрација на град Скопје и општините Битола и Тетово. Согласно насоките на Министерството за локална самоуправа, во пет општини (Кавадарци, Гостивар, Ресен, Куманово и Струмица) подготвени се методологии и грантови шеми за финансирање на проекти што ги имплементираат граѓански организации.

Во насока на зголемување на достапноста и дисеминација на јавните податоци за регистрираните граѓански организации во тек е постапка за изведба на нов веб-портал на Централниот регистар на Република Македонија.

Планираните активности за измени на Законот за здруженија и фондации ќе започнат во март 2019 година, со организирање на консултации со граѓански организации во Гостивар, Прилеп, Скопје и Штип.

**2.2. Демократизација, активно учество на граѓанскиот сектор во општествените процеси, во креирањето и следењето на политиките, со посебен фокус на процесот на интеграција во Европската Унија**

Цели на приоритетната област: Зголемување на вклученоста на граѓанските организации во процесот на креирање, спроведување, следење и оценување на политиките; и Зајакнување на партнерството во процесите поврзани со европската интеграција.

Во втората приоритетна област содржани се 10 мерки и 22 активности, од кои 5 мерки и 11 активности планирано е да се реализираат во 2018 година, а од нив за 10 активностите предвидено е да продолжат да се спроведуваат и во 2019-2020 година. Во 2018 година 7 активности се реализирани, а 4 активности се во тек. Истовремено, реализирани се 2 активности планирани за 2019 година.

Со цел вклучување на граѓанските организации во процесот на подготовка на преговарачките позиции и преговори со Европската Унија, работна група на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор подготви прв нацрт на Предлог-модел за вклучување на граѓанските организации во пристапните преговори за членство во Европската Унија, а на 7.12.2018 година се одржа консултативна средба со граѓанските организации во Граѓанскиот ресурсен центар.

Секретаријатот за европски прашања на 21.9.2018 година организираше конференција на тема „Искуствата во пристапните преговори – што треба, а што не треба да се прави", за размена на искуства и добри практики со сегашни и поранешни преговарачи од земјите во регионот за процесот на преговори со ЕУ. Граѓанските организации се вклучени во програмирањето и следењето на искористеноста на фондовите за претпристапна помош во рамките на секторските работни групи и мониторинг комитети.

Министерството за надворешни работи редовно остварува консултации и соработка со граѓанските организации за сеопфатна подготовка на извештаите на Република Македонија за спроведување на ратификуваните меѓународни договори во областа на човековите права. Во текот на 2018 година одржани се консултативни средби за подготовка на третиот Национален извештај на Република Македонија за Универзалниот периодичен преглед на Советот за човекови права на ООН и за подготовка на 3, 4, 5 и 6 Извештај на Република Македонија по Конвенцијата на ООН за правата на детето и двата Факултативни протоколи, за вклучување на децата во воени конфликти и за трговија со деца, детска проституција и детска порнографија.

Се овозможи активно вклучување на граѓанските организации во градење на концептот „Едно општество за сите", преку јавен повик за учество во работните групи за изготвување на Националната стратегија за развој на концептот за едно општество и интеркултурализам во Република Македонија.

Во насока на унапредување на можностите за консултации со засегнатите страни, во Министерството за информатичко општество и администрација во тек е надградба на Единствениот национален регистар на прописи (ЕНЕР).

Министерството за образование и наука – Биро за развој на образованието, во соработка со граѓански организации (Македонски центар за граѓанско образование, Младински образовен форум и Коалиција на младински организации

СЕГА) спроведе истражување на состојбата во основните училишта во врска со наставниот предмет Граѓанско образование за 8-мо и 9-то одделение, изготвени се нови наставни програми за овој предмет, модули за обука на наставниците што го предаваат овој предмет и спроведени се 15 обуки за наставниците од 8-мо одделение со 353 учесници. Во наредниот период ќе бидат обучени стручните служби на училиштата, директорите и наставниците од 9-то одделение.

На иницијатива на Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат, а со цел идентификување и активно вклучување на тематските мрежи на граѓански организации во процесот на креирање политики, во рамките на програмата „Национален ресурсен центар за граѓански организации", финансирана од Европската унија, во декември 2018 година подготвен е Извештај од анкета за идентификација на мрежите во Република Македонија, во кој е содржан преглед на 69 тематски мрежи на граѓански организации.

Агенцијата за млади и спорт, во соработка со Локалната канцеларија на РИКО (Регионална канцеларија за младинска соработка за Западен Балкан) спроведува повици за финансиска поддршка на граѓански организации, а во соработка со Советот на Европа организираше обука „Што претставува Европската младинска фондација и начин на аплицирање за поддршка на проекти".

## 2.3. Граѓанскиот сектор како чинител во социјално-економскиот развој

Цели на приоритетната област: Развој на социјално претприемништво; Зголемено учество на граѓанските организации во давање услуги за потребите на заедницата; Промовирање и развој на волонтерството; и Поттикнување на граѓаните и деловниот сектор за поддршка и придонес за развој на граѓанскиот сектор.

Во третата приоритетна област содржани се 7 мерки и 16 активности, од кои – 3 активности планирано е да се реализираат во 2018 година. Од нив, 2 активности се во тек (28.2 и 31.1), а активноста 31.2 ќе се реализира во 2019 година. Истовремено, реализирана е една активност планирана за 2019 година.

Во Министерството за здравство во тек е подготовка на предлог решенија за воспоставување на функционален и долгорочен механизам за финансирање на активностите за ХИВ во релевантните закони и подзаконски акти и стандарди за услуги за превенција и поддршка поврзана со ХИВ кои ги нудат граѓанските организации.

Во Министерството за труд и социјална политика формирана е работна група и ангажирани се експерти за поддршка на процесот на подготовка на Стратегија за социјално претприемништво. Предлогот на Закон за социјалната заштита, утврден од Владата на 20.12.2018 година, содржи одредби за социјално договарање, со што ќе се поттикне развојот на социјалните претпријатија во делот на обезбедување на социјални услуги. Министерството за труд и социјална политика подготви предлог-методологија за утврдување на цените на социјалните услуги, а во првиот квартал од 2019 година се предвидува реформа на целокупниот систем на лиценцирање на давателите на социјални услуги.

## 3. Финансиски средства со кои се спроведени активностите (Буџет на Република Македонија, граѓански организации, странска помош, други донатори)

Мерките и активностите од Стратегијата на Владата на Република Македонија за соработка со и развој на граѓанскиот сектор што беа спроведени во текот на 2018 година беа финансирани во рамките на одобрените буџетски средства на ресорните министерства и другите органи на државната управа или проекти финансирани од Европската унија и други донатори.

Директна финансиска поддршка на граѓанските организации е обезбедена од буџетските средства на Министерството за одбрана, при што врз основа на јавен повик објавен на 5.4.2018, доделени се 2.850.000 денари на 8 граѓански организации, за проекти кои имаат за цел поддршка на интегративните процеси на Република Македонија во Евроатланските структури, популаризација на Службата на АРМ меѓу граѓаните, зголемување на транспарентноста во одбраната, придонес во креирањето на одбранбената политика и реформите во одбраната и придонес кон значењето и улогата на родовите перспективи во одбраната.

Министерството за економија преку Мерката 6. Кофинансирање на проекти за развој и поддршка на мали и средни претпријатија и промоција на претприемништвото од Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2018 година, од вкупно седум кофинансирани проекти на граѓански организации, два се за социјално претприемништво во вкупна вредност од 374.119,00 денари.

Министерството за труд и социјална заштита објави Јавен повик за организирано живеење со поддршка, како и јавни повици за поддршка на проекти за социјална заштита и тоа: реинтеграција на бездомници, заштита на деца на улица, заштита на деца во ризик, специјализирани услуги за жртви на семејно насилство, програмски активности на национални инвалидски организации и програмски активности на Црвениот крст на РМ, при што се доделени вкупно средсва за организирано живеење со поддршка - 18.576.000 денари, за персонална асистенција - 14.000.000 денари за 4 провајдери, средства за национални инвалидски организации, здруженија за борба против семејно насилство и Црвен крст на РМ - 70.000.000 денари и за проекти за здруженија од социјална заштита 970.000 денари.

Министерството за култура во 2018 година поддржа 469 проекти на граѓански организации, со средства во висина од 91.946.401 денари од различни дејности од областа на културата и тоа: музичко-сценска дејност 4 проекти со поддршка од 8.500.000 денари, ликовна дејност 90 проекти со поддршка од 7.329.000 денари, драмска дејност 15 проекти со поддшка од 5.800.000 денари, интердисциплинарни 69 проекти со поддршка од 24.439.000 денари, фолклор 129 проекти со поддршка од 15.230.000 денари, музејска дејност 36 проекти со поддршка од 6.080.000 денари и недвижно културно наследство 11 проекти со поддршка од 980.000 денари, меѓународна соработка 69 проекти со поддршка од 22.275.507 денари, европски интеграции 3 проекти со поддршка од 1.312.000 денари).

Министерството за животна средина и просторно планирање додели 16.000.000 денари на 72 граѓански организации, согласно Програмата за инвестирање во животната средина.

Агенцијата за млади и спорт во четвртиот квартал 2018 година објави Јавен повик за финансиска поддршка на младински организации, а финансиски се поддржани 8 проекти (2.000.000 денари) со кои се промовира волонтерството.

## 4. Препораки за понатамошно спроведување на Стратегијата и Акцискиот план, со осврт и на мислењата добиени од граѓанските организации

Навременото планирање и координацијата претставуваат основни претпоставки за успешно спроведување на мерките и активностите содржани во Стратегијата на Владата на Република Македонија за соработка со и развој на граѓанскиот сектор. На 24.1.2019 година во Граѓанскиот ресурсен центар се одржа дебата на тема „Стратегијата креатор на овозможувачкото опкружување за граѓанските организации" на која беше потенцирана потребата од поголема видливост на реализираните мерки, афирмирање на улогата на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор и Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат и користење на веб-страницата www.nvosorabotka.gov.mk како интерактивен извор на информации, практична и корисна алатка во соработката со граѓанскиот сектор.

## 5. Прилог: Табеларен преглед на реализираните мерки и активности од Акцискиот план за спроведување на Стратегијата, 2018-2020